**Проф. д-р Драгана Батиќ, проф. д-р Димитринка Јорданова –Пешевска, д-р Мирјана Јовановска Стојановска**

**Округла маса на тема : Достапност на бесплатна психолошка поддршка на посебни категории граѓани: млади, лица со попреченост и онколошки пациенти**

На оваа работилница ќе се отвори прашањето за достапноста на бесплатната психолошка поддршка и психотерапија за оние лица кои, по наше мислење би требало да бидат ослободени од плаќање, односно за кои државата би требало да партиципира. За таа цел, накратко ќе бидат прикажани три позитивни примери :

1) Психолошко советувалиште за студенти кои бесплатно работат на Универзитет Св. Климент Охридски-УКЛО и на Американ колеџ ;

2) Психолошко советувалиште за лица со попреченост кое неодамна е отворено.

3) Психолошка помош и психо-социјална поддршка на онколошки пациенти.

Целта на оваа округла маса е дискусија за тоа како ние, како психолози и психотерапевти, преку Комората на психолози да направиме поголемо влијание врз подигнување на свесноста за менталното здравје во нашата држава.